**Елефтериос Г. Елефтеријадис**
Психолог M.Sc.

# ЗАЕДНО

книга за бракот и односите

ikona

**ЗАЕДНО -** Книга за бракот и односите
Елефтериос Елефтириjадис

Наслов на оригиналот:
***MAZI.*** *Ένα βιβλίο για το γάμο και τις σχέσεις*
Ελευθεριάδης Ελευθέριος

Уредник: Наташа Данчевска
Превод од српски: Сашо Кузмановски
Лектура: Вера Тодоровиќ
Дизајн и подготовка за печат: Сашо Кузмановски
Печат: Студентски сервис, Скопје
Издавач: Икона, Скопје 2026
тираж: 500
www.ikona.mk

© Елефтериос Елефтериjадис

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
271.2-45
ЕЛЕФТЕРИЈАДИС, Елефтериос
Заедно : книга за бракот и односите / Елефтериос Елефтеријадис
; [превод од спрски Сашо Кузмановски]. - Скопје : Икона, 2026. - 150 стр.; 21 см
Превод на делото: Mazi : Ένα βιβλίο για το γάμο και τις σχέσεις / Ελευθεριάδης Ελευθέριος. - Преведено според: Заједно. - Фусноти кон текстот
ISBN 978-608-4993-83-4
а) Брак и семејство -- Православни аспекти
COBISS.MK-ID 68810757

# Наместо предговор

Сè е во односите.

Во почетокот сакав ова да биде насловот на книгата што ја држиш во рацете, но сите скокнаа на мене...

„Добро, Елефтериос... Доста е. Претеруваш. Толку пати ист наслов. Пронајди нешто ново...“

И ете, така го сменив насловот.

Но предговорот можам да го започнам како што сакам.

Значи, сè е во односите.

Или барем, сè се случува поради односите. Сè завршува во односите.

Еднаш го прашале отец Филотеј Фарос: „Која е најважната работа во животот?“, а тој им одговорил: „Односите...“

Иако имаме различни гледишта за многу нешта, овој одговор го сметам за една од најголемите вистини.

Односите се најважната работа во животот.

Нашиот однос со Бог и односот кон ближните.

И, колку порано го разбереме тоа, животот ќе ни стане поубав.

Зашто знаеш...

Се занимаваме со сè и сешто... со работа, куќи, патувања, разни забави, а оние што ни се најблиски ги оставаме на второ место – нашите родители, браќа и сестри, баби, дедовци, пријатели, деца... Го оставаме на второ место и Бог.

Го оставаме својот сакан или саканата на второ место.

Оваа книга се занимава со еден од тие односи.

Со нашиот однос со другата личност. Со нашата втора половина.

Со односот со сопругот, сопругата, девојката, момчето...

Не знам дали некогаш си прочитал некоја од моите книги.

Ако си прочитал, тогаш ќе знаеш дека во секоја од нив се преплетуваат три нешта: психологијата, православното предание и искуството.

Ако не, сега ти го кажувам тоа.

На едни ова им се допаѓа. Го поздравуваат.

Други, пак, негодуваат.

Во секој случај, се надевам дека читајќи ги следните страници ќе добиеш нешто добро.

Ти посакувам душекорисно читање. Се надевам дека ќе уживаш.

Во животната борба ти посакувам добра сила, и Богородица нека биде со нас.

Елефтериос Г. Елефтеријадис
Сидирокастро (Серес, Македонија)
мај 2023

# Познати места

Манастир Пантократор.

Света Гора.

Уште еднаш, на познати места.

Поминала полноќ. Темнина е насекаде околу мене.

Седам во припратата на црквата, гледам неколку запалени свеќи на свеќникот како полека се гаснат. Покрај нив, едноставна дрвена икона на Исус Христос. Срцезнателот.

Секојпат кога ќе се наведнам да ја целивам оваа икона, чувствувам како да ме чита. Како да ме снима со рендген.

И ништо не можеш да скриеш. Не.

Чувствувам срам и посраменост додека ја гледам...

Приоѓам до иконата и успевам да ѝ шепнам: „Прости ми, Христе мој. Прости ми... И ако ни јас не се сеќавам зошто, Ти сигурно знаеш.“

Внатре во храмот, отците служат утрена.

Читање, пеење, сè тивко. Речиси како мрморење. Со мака успевам да распознаам до кој дел од служната стигнале.

Додека седам, гледам наспроти мене два-тројца монаси како седат во своите стасидии[1]. Така, во црни мантии, во темнината, се гледаат само главите. Само нивните глави и белите раце како вртат излижани, истрошени бројаници...

Знаете ли што симболизираат стасидиите во црквата?

---

[1] Стасидии – дрвени седишта со потпирачи за стоење и седење, поставени долж ѕидовите на православните храмови

Нашите гробови.

Гробовите во кои сите ние ќе влеземе порано или подоцна.

А Црквата ги поставила во храмовите, за ние луѓето да имаме „сеќавање на смртта“.

Да се потсетуваме дека порано или подоцна, ќе го напуштиме овој суетен свет.

Се разбира, животот не завршува во гробот.

Не.

Го соблекуваме телото како капут[2] и одиме во соседната соба.

Тоа е она што го правиме.

Го соблекуваме тој свој телесен капут и одиме понатаму.

Додека повторно не бидеме сите заедно. Додека не дојде и тој час...

Стрпливо чекам да дојдам на ред да влезам во исповедалницата.

Мала дрвена куќичка, лево од влезот, внатре во црквата.

Толку едноставно направена, што некој лесно би помислил дека станува збор за острава.

Денес не исповеда отец Никита. Секојпат кога одам на Света Гора, внимавам да го видам. Тој ми е и пријател и духовен отец...

Денес дежурен за исповед е о. Епифание. Тој е проигумен на манастирот, а проигумен е оној што по старецот е прв по хиерархија и чест.

Познат е по строгоста.

Сепак, мислам дека само малку се преправа.

---

[2] „И Господ Бог му направи на Адама и на неговата жена облеки од кожа и ги облече во нив.“ (1 Мој. 3, 21)

Да не избегне пофалби... А неговото срце е како на мало дете. И неговото, како и кај сите други.

Повеќето монаси, како што минува времето, стануваат како мали деца. Наместо да огрубуваат, тие омекнуваат.

Повеќето монаси, како што минува времето, како повеќе да немаат своја волја. – Како што ќе каже старецот... – ќе ти одговорат, и што ќе биде, нека биде...

Навистина, за волјата, сето тоа некогаш ми изгледаше чудно.

Што значи тоа: „како што ќе каже старецот“? Возрасни луѓе, зар ни самите не знаат што треба да прават?

Се сеќавам кога првпат го сретнав својот пријател Продром како искушеник. Пред отприлика една деценија.

Излегол од Пантократор, заедно со старецот Гаврил, и дошол во Акритохори. Кај Сидирокастро, во Св. Јован Претеча. Убав манастир. Ако никогаш не си го посетил, стави го задолжително во својот план. Навистина вреди. Има византиска величественост... како да извира од утробата на Ромејското царство. Додека минуваш низ него, чувствуваш дека ќе сретнеш некој Фока, некој Кантакузин, некој Цимискиј, некој од царевите од македонската династија...

Така и јас отидов таму, да го видам својот пријател. Најдобриот. Не се бевме чуле околу една година. Откако одлучи да замине и да се облече во црно.

Не ми се даде да одам порано да го видам на Света Гора.

Тој донесе голема животна одлука и не сакав, барем колку што зависеше од мене, да влијаам на него и на таа негова одлука.

Неодамна му реков... на балконот од манастирот, каде што седевме една вечер и го гледавме морето:

„Брате, во почетокот не доаѓав да те видам, затоа што сакав да се утврдиш овде...“

Ништо не рече. Само одмавна со главата и се насмевна.

Дали постапив добро или згрешив, не знам.

Бог знае.

Како и да е...

Така се сретнавме тогаш првпат по долго време, а откако се прегрнавме и се бакнавме, за малку ќе заплачев од наплив на емоции, и го прашав:

– Кажи ми сега, пријателе... по сите овие ваши доаѓања овде, што е следно?

– Не знам – ми одговори. – Како што ќе каже старецот.

Само гледав во него како вчудовиден.

Не разбрав што сакаше да каже...

– Значи?

– Елефтерие – ми рече – ние, монасите, токму за тоа се бориме. Да ја отфрлиме својата волја. И така, доброволно, да му ја предадеме на нашиот старец.

Застана...

– Така и ти. На ист начин и ти треба целосно да ја покориш својата волја, заради својата жена. Својата волја да ја потчиниш на нејзината волја.

Тоа ми го рече тогаш...

Поседовме уште малку и, по повторната силна прегратка, се поздравивме, и секој отиде на своето „покајание“.

Така монасите ги нарекуваат своите обврски на Света Гора: „нашето покајание“.

Тоа ми го рече тогаш мојот пријател, искушеник.

*Доброволно да ѝ ја предадам својата волја на својата жена.*

Тоа го прават и отците и, како што минува времето, стануваат сè поедноставни, поскромни и посмирени. Тие се

тие што ја отфрлаат својата волја. Зашто тоа го прават доброволно.

Така разбрав.

Во мислите за ова и за она, дојде ред на мене за исповед.

Колку што исповедалницата е едноставна однадвор, толку е уште поедноставна одвнатре.

Две дрвени столчиња, сточе со Евангелието на него, еден епитрахил и икона Христова, пред која трепери кандилото.

Ништо друго.

Земам благослов, седнувам и кажувам што имам да кажам.

Непосредно пред да стане да ми ја прочита молитвата, о. Епифание ме праша со малку строг тон:

– Кажи ми, Елефтерие, како ти е во бракот со твојата жена?

– Е, добро – одговорив. – Борба. Со нашите подеми и падови...

– Ја чуваш ли?

– Ја чувам – одговарам... – Ја чувам колку што можам.

На тоа тој го направи својот најстрог поглед и ми рече:

– Ти давам едно правило, правило што никој никогаш не може да го разреши, ниту друг духовник, ниту друг свештеник, никој никогаш: да ја љубиш. Ти давам правило да ја љубиш и да се грижиш за неа повеќе од сè и од секого... Ти давам правило и те врзувам со него. Ајде сега да ти ја прочитам молитвата и да се причестиш.

Излегувам од исповедалницата малку збунет.

*Какво е сега ова правило?* Размислувам. *Дали треба да се загрижам? Што ако го прекршам ова правило? Што ќе се случи? Дали ќе дојде некој да ме казни? Што ако се разведеме? А ако ме остави? Што ќе биде?*

Изгубен во такви мисли, одам и застанувам на левата страна од храмот.

Таму...

На моето омилено место.

Од каде што, наспроти, се гледа Госпоѓата на манастирот.

Од иконата, Богородица Старица ти се насмевнува.

Некое време гледав во неа.

Се смирив.

Мислите се расточија, умот се смири, и утробата ми се умири.

Се сетив на својата венчавка.

На мигот на Светата тајна...

Она што ми го рече о. Епифание не беше ништо друго освен освежување.

Освежување на „заклетвата“ што сам ја дадов.

Застанав пред Господа и Го замолив да го благослови мојот избор.

Јас ја избрав Попи за жена.

И таа исто така ме избра мене за свој сопруг.

Отец Епифание не ми рече ништо друго освен да бидам доследен.

Да бидам доследен на својот избор.